РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“
ул. „16-та Македонска бригада“, бр. 1, 1000 Скопје
деканат 071 356 241 www.sf.ukim.edu.mk

**Бр.02-63/5**
**13.2.2026 година**

Врз основа на член 74 од Статутот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник број 467/2019 и бр.467-Анекс-1/2020), Деканатската управа при УКИМ-Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ на својата 2-ра (втора) редовна седница одржана на ден 13.2.2026 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за дополнување на Упатството за начинот на користење и одржување на службените возила на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје бр.02-38/4 од 26.1.2023 година**

## Член 1

Се врши дополнување на Упатството за начинот на користење и одржување на службените возила на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје бр.02-38/4 од 26.1.2023 година и тоа:

По член 4 се додава нов член 4-а, кој гласи:

## „Член 4-а

(1) Корисникот на службеното возило е должен при управување со истото да ги почитува одредбите на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Законот за прекршоци и другите важечки прописи од областа на сообраќајот.

(2) Доколку при користење на службеното возило биде сторен сообраќаен прекршок за кој е изречена парична казна, вклучително и прекршок утврден преку автоматизирани системи за евиденција на сообраќајни прекршоци (систем „Сејф сити“), паричната казна и сите поврзани трошоци ги сноси корисникот на службеното возило кој управувал со возилото во моментот на сторување на прекршокот.

(3) Факултетот не сноси одговорност за изречени парични казни, санкции или други последици кои произлегуваат од непрописно и несовесно управување со службено возило.“

## Член 2

Да се изработи пречистен текст на Упатството за начинот на користење и одржување на службените возила на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје бр.02-38/4 од 26.1.2023 година.

## Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“
ул. „16-та Македонска бригада“, бр. 1, 1000 Скопје
деканат 071 356 241 www.sf.ukim.edu.mk

**Доставено до:**

- архива
- сметководство
- секретар
- веб страна на факултетот

**декан**

**проф. д-р Никола Николов**